Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 76-а, 76-б, член 77-а став (1) и став (2), член 77-б, 77-в, 77-г и член 77-д од Законот за култура, член 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп под бр.01-41/4 од 01.02.2024 год., Правилникот за распоредување и унапредување на актерите во групи во НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп под бр.01-231/6 од 27.06.2025 год., одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.242/24), и Известувањето од Министерството за финансии на Република Северна Македонија за обезбедени финансиски средства број 19-3758/2 од 14.05.2025 година, и број 19-6246/2 од 27.06.2025 година и Одлуката за објавување на јавен оглас за вработување на неопределено време бр.02-241/1 од 02.07.2025 година, Националната установа Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ БР.1/2025

I. НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ - Прилеп има потреба од вработување на 2 (двајца) извршители на следноте работни место и под следните услови:

1. **Актер четврта група - едно (1) лице со шифра на работно место КУЛ 0304А06001, категорија А – уметници, ниво А6** на неопределено време, со полно работно време од четириесет (40) часа неделно (односно согласно месечниот план за проби и претстави, двократно), а за кое работно место месечната нето плата без минат труг изнесува 53.861,00 денари.

Посебни услови:

- завршено средно училиште (гимназија) или високо образование (драмски уметности - отсек актер) со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- без работно искуство или до една година работно искуство.

2. **Работник за обезбедување - едно (1) лице со шифра на работно место КУЛ 0402А01001** на неопределено време, со полно работно време од четириесет (40) часа неделно (односно работното време се организира во три смени и тоа: прва смена: од 07.00 до 15.00 часот, втора смена: од 15.00 од 23.00 часот, трета

смена: од 23.00 до 07.00 часот ), а за кое работно место месечната нето плата без минат труг изнесува 37.530,00 денари.

Посебни услови:
- средно образование;
- со или без работно искуство во струката

II. Општи услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите:
- да е полнолетен;
- да има општа здравствеа состојба за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

III. Пријавата за вработување треба да содржи:
- податоци за кандидатот (име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница);
- кратко мотивационо писмо;
- кратка биографија;
- изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ
за секој услов одделно;
- изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно.

Покрај пријавата и посочените прилози, кандидатите за вработување треба да приложат и:
- Уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);
- Диплома/Уверение за завршено обрзование;
- Доказ за работно искуство во струката ( доколку е наведено во посебните услови);
- Потврда дека на кандидатот не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци) и
- Лекарско уверение за општата здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци).

Сите документи треба да бидат доставени во оригинал или копии завререни на нотар.

IV.Јавниот оглас за работното место Актер-четврта група трае петнаесет (15) дена, сметајќи од денот на неговото објавување во дневните весници.
Постапката за селекција при вработување се врши во две фази и тоа преку 1) административна селекција за проверка на веродостојноста на податоците и доказите доставени на јавниот оглас и 2) аудиција.
Кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција имаат право да продолжат на аудиција и ќе бидат контактирани за местото, времето, начинот и датумот на одржувањето на аудицијата.

V.Јавниот оглас за работното место Работник за обезбедување трае пет (5) работни дена, сметајќи од денот на неговото објавување во дневните весници.

Постапката за селекција при вработување се врши во две фази и тоа преку 1) административна селекција за проверка на веродостојноста на податоците и доказите доставени на јавниот оглас и 2) интервју.
Кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција имаат право да продолжат на интервјуто и ќе бидат контактирани за времето и местото на одржувањето на интервјуто.

Пријавата која кандидатот треба да ја пополни ќе може да ја преземе од веб страната на НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп www.markocepenkov.org или да ја подигне од архивата на Центарот секој работен ден од понеделник до петок во периодот од 09.00-15.00 часот.
Пријавите со сите потребни документи, кандидатите треба да ги доставaт до Архивата на НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп или по пошта на адреса бул.„Гоце Делчев“ бр.18, 7500 Прилеп, секој работен ден од понеделник до петок во периодот од 09.00-15.00 часот.
Некомплетно и ненавремено поднесени документи ќе бидат отфрлени и нема да се разгледуваат.

НУЦК „Марко Цепенков“ – Прилеп
Директор, Марија Попова Јованоска